Република Северна Македонија
Национална установа Центар за култура
"МАРКО ЦЕПЕНКОВ"
Бр. 02-241/28
28.07 20 25 год.
Прилеп

Врз основа на чл. 77-е, чл.77-ж и чл. 77-3 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24), согласно член 21 од Законот за работни односи - Пречистен текст („Сл. Весник на РСМ бр.167/2015 и 27/16“), член 13 став (2) алинеја 7 од Статутот на НУ Центар за култура „Марко Цепенков“-Прилеп, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУ Центар за култура „Марко Цепенков“-Прилеп, Записникот од Комисијата за аудиција 02-241/26 од 28.07.2025 година и Предлог - Одлуката на Комисијата под бр. 02-241/27 од 28.07.2025, директорот на НУ Центар за култура „Марко Цепенков“-Прилеп, на ден 28.07.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

За избор на кандидат за вработување по јавен оглас бр.1/2025 година

1. По јавниот оглас бр.1/2025 година објавен на 04.07.2025 година, а заведен под деловоден број 04-241/2 од 03.07.2025 година за вработување на едно (1) лица на работно место **Актер четврта група** со шифра на работно место КУЛ 0304А06001, на неопределено време во ансамблот на НУ Центар за култура „Марко Цепенков“-Прилеп, избран е кандидатот:

1. Илија Волчески

2. Врз основа на оваа Одлука ќе се донесе Решение за вработување и со избраниот кандидат од точка 1 од оваа Одлука ќе се потпише Договор за вработување на неопределено време.

3. Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

НУ Центар за култура „Марко Цепенков“-Прилеп Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), член 76-а, 76-б, член 77-а став (1) и став (2), член 77-б, 77-в, 77-г и член 77-д од Законот за култура, член 3 и член 20-г од Законот за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на

бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп под бр.01-41/4 од 01.02.2024 год., Правилникот за распоредување и унапредување на актерите во групи во НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп под бр.01-231/6 од 27.06.2025 год., одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.242/24), и Известувањето од Министерството за финансии на Република Северна Македонија за обезбедени финансиски средства број 19-3758/2 од 14.05.2025 година, и број 19-6246/2 од 27.06.2025 година и Одлуката за објавување на јавен оглас за вработување на неопределено време бр.02-241/1 од 02.07.2025 година објави Јавен оглас за вработување на неопределено време со деловоден број 04-241/2 од 03.07.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Вечер“ на македонски јазик и „Коха“ на албански јазик за вработување на еден (1) извршител за работно место Актер четврта група со шифра на работно место КУЛ 0304А06001 на неопределено време. По извршената административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите и по спроведената аудиција на ден 28.07.2025 година со почеток во 10:30 од страна на Комисијата за спроведување на постапка за вработување, Записникот од Комисијата за аудиција 02-241/26 од 28.07.2025 година и Предлог - Одлуката на Комисијата под бр. 02-241/27 од 28.07.2025, имајќи го предевид горенаведеното, директорот одлучи како во дизпозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Секој незадоволен кандидат има право во рок од осум дена од приемот на Одлуката да поднесе жалба до Управниот одбор на НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп.

Доставено до: Архива и Кандидати
Огласна табла и веб страна

НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп
Директор , Марија Попова Јованоска

Република Северна Македонија Национална установа Центар за култура "МАРКО ЦЕПЕНКОВ" Прилеп